Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2021 година**

Седницата започна во 19:40 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како и Реџаиљ Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и нотар Снежана Сарџовска.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записник од 125-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2021 година
- Усвојување на Записник од 126-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 декември 2021 година
- Усвојување на Записник од 128-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2021 година

**А. Пред преминување на Дневен ред**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година

1. Информација за итна интервентна финансиска помош

2. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо“-Охрид

3. Барање согласност за Статут од Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, со Предлог-одлука

4. Барање согласност за отпис на движни ствари, со Предлог-одлука (Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје)

5. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (КП бр.2450, КО Градиште, Имотен лист бр.40)

6. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (КП бр.15717/1, КО Куманово, Имотен лист бр.83760)

7. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми ,,Национални шуми"- П.О. Скопје на Казнено - поправна установа Затвор Скопје - Скопје, за грејна сезона 2021/2022 година, со Предлог-одлука

8. Информација во врска со имплементацијата на проектите на источниот дел од Коридор 8 и Коридор 10 во секторот на железничката инфраструктура

9. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

10. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

11. Информација на Управата за јавни приходи по однос на заклучоците донесени на Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија за мерките и динамиката за исплата на неплатените даночни обврски на јавните претпријатија-даночни должници и промената на долговните состојби кај истите

12. Информација за итно постапување на институциите за непречена реализација на инвестиции во технолошките и индустриски развојни зони

13. Информација за потребата од склучување анекси кон договорите за изградба, со Прилог-табела

14. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со Предлог-одлука

15. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип

16. Информација за Договорот за грант меѓу НЕР АД Скопје и ЕИБ за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, со усогласен текст на Договор

17. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности Арх. бр.03-56/20 (КП.бр.5609/26 и КП.бр.5609/27, новопредвидена КП.бр.5609/28) КО Охрид 4

18. Предлог-закон за вршење на сметководствени работи (*)

19. Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација, по скратена постапка
20. Предлог-закон за изменување на Законот за платниот промет, по скратена постапка

21. Предлог-закон за инспекциски надзор во животната средина (*)

22. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Дабјани, Општина Долнени

23. Информација за склучување на анекс договори за користење - концесија на дивечот во ловиштата согласно член 1 став (2) од Законот за дополнување на Законот за ловството „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/21

24. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерството за транспорт и врски)

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен завод за статистика (канцелариски мебел)

26. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Голд Транс 2021 ДООЕЛ Тетово на локалитетот ,,КО Желино“, Општина Желино

27. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - фелдспат на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово

28. Предлог-уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2022 година

29. Информација за преземени активности за испитување на условите за пристапување во Центарот за координација на движење Европа (MCCE)

30. Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2021 година

31. Информација со План на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година

32. Информација за одржување на порталот за Отворено владино партнерство (ovp.gov.mk)

33. Информација за одржување на системот за Отворени податоци (data.gov.mk)

34. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

35. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Република Португалија и Република Северна Македонија за соработка во областа на одбраната, со усогласен текст на Договор

36. Годишен извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност надвор од територијата на Република Северна Македонија во 2021 година

37. Предлог-програма за безбедност и здравје при работа, со Стратегија за безбедност и здравје при работа 2021-2025 и Акциски план за безбедност и здравје при работа за периодот 2021-2023

38. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, промет и услуги ГРЕСТО ДООЕЛ с.Амзабегово, Свети Николе за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

39. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на КАРИЛ - Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување

40. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на Проектот адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на нова динамика на плаќање

41. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на операциони блок на Универзитетска клиника за дигестивна хирургија

42. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски" – Скопје и одобрување на динамика на плаќање

43. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на стационар и амбуланти на Универзитетска клиника за дерматологија

44. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање и санација на фасада, фасадна столарија и изградба на нова кровна конструкција на објектот на Интерни клиники во Универзитетски клинички центар Мајка Тереза – Скопје

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната национална установа Институт за филм – Филмска Академија Охрид (лаптоп ХПИ Пробук 450Г4)

46. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државен студентски дом „Никола Карев" Охрид)

47. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Биро за развој на образование)

48. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рано детско воспитание и образование" на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски'' - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Предлог-решение

49. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Образование на наставници (за примарно образование)" на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски''-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Предлог-решение

50. Информација за добивање на согласност за продолжување на рокот за спроведување на преостанатите активности од проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св.Ѓорѓи – Старо Нагоричане" од ИПА Компонента I, со средства од Буџетот на Министерството за култура, за временски период 2022-2024 година, со дополнување

51. Статут на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје

52. Иницијатива од Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.121/21, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразна болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период за нивна примена, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.234/21, односно одредбите што се однесуваат на Протоколот за активности во установите и воспитание на деца

53. Понуда од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.67564 за КО Маџари, на КП бр.1654, викано место/улица Д.Штипјанчето

54. Барање на согласност за склучување на Договор за размена на недвижен имот доставено од нотар Ванчо Андоновски од Скопје кое се однесува на недвижен имот со Имотен лист бр. 92957 за КО Ѓорче Петров 6-Ѓорче Петров, КП бр.9092/2, Викано место/улица Мице Козара 28 и Имотен лист бр. 92958 за КО Ѓорче Петров 6- Ѓорче Петров, КП бр.9092/1, Викано место/улица Ѓ.Петров

55. Понуда од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1261, за КО Трново, на КП бр. 518, дел 1 Викано место/улица Село

56. Понуда од нотар Зафир Хаџи – Зафиров од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 96/113 идеален дел од КП бр.12280, КО Драчево 2, викано место/улица Црквиште, со Имотен лист бр.274

57. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.107959 за КО Бутел на КП бр. 5561/3 викано место/улица Хо Ши Мин

58. Понуда од нотар Зарија Џафери од Гостивар за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.4739 на КП бр.6743 за КО Гостивар 2 и Имотен лист бр.4740 за КП бр.6817/1 за КО Гостивар 2

59. Понуда од нотар Надица Чаушевска Заева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53784, за КО Струмица, КП бр. 2514/1, викано место/улица Б.Минкови

60. Понуда од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58580, за КО Прилеп, на КП бр. 20576/1, Викано место/улица М.Пијаде

61. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96083 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, КП бр.13525/2 и КП бр.5427/1

62. Кадровски прашања

63. Прашања и предлози

64. Информација за туристичката агенција Беса Транс БТБ ДООЕЛ во врска со настанатата автобуска незгода во Република Бугарија

65. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2020 година

66. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД„Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за периодот од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година

67. Информација за статус на активностите поврзани со локалитетот „Гуштерица” во Осломеј

68. Информација за статус на активностите поврзани со проектот „Живојно“

69. Информација за статусот на надградба на системите со цел користење на податоците од Централниот регистар на население

70. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „село Вепрчани“, Општина Прилеп 9/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21), со Предлог–одлука

71. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Општа болница Струмица)

72. Информација за исплата на пензии за декември 2021 година

73. Информација за потреба од кадровско доекипирање и просторно сместување на Бирото за јавни набавки со цел доследно спроведување на надлежностите кои произлегуваат од законот

74. Информација за изготвување на материјали за учење и други дидактички материјали за основно образование

75. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година

76. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година

77. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година

78. Предлог-програма изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година

79. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година

80. Предлог -програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година

81. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

82. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година

83. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје)

84. Предлог-одлука за обезбедување на финансиски средства на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

85. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, за вршење на дејност на Јавното претпријатие Национални шуми – Скопје

86. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца -Битола

87. Информација за издавање Егзекватура за генерален конзул на Република Грција во Република Северна Македонија со седиште во Битола

88. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за продолжување со снабдување на електрична енергија од ЕВН Хоме, со предлог - одлуки

89. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2021 година

90. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2022 година

91. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2022 година

92. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2022 година

93. Информација за исплата на средства во вкупен износ од 242.016,00 денари во име и за сметка на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп, кое е во 100% државна сопственост, со Предлог-одлука

94. Предлог на декларација за борба против корупцијата како стратешки приоритет на државата и државните политики

95. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2021 година

96. Информација за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со барање за писмен договор за неподобни единици според законот на Лејхи

97. Информација за учество на Република Северна Македонија во рамките на борбената група на Европската Унија (ЕУ) „HELBROG BG 2023/1“, со прилог Технички договор и Пристапна нота

98. Предлог-програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2022 година

99. Информација за преземање на технички мерки и активности за дигитализација на процеси

100. Информација за изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, со Предлог-стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија

101. Предлог-програма за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2021 година

102. Предлог-програма за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2021 година

103. Информација во врска со доследната примена на Законот за заштита од пушењето во делот на несогорливиот тутун, уредите за нивно загревање и електронските цигари

104. Предлог-програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберколозата кај населението во Република Северна Македонија за 2021 година

105. Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2021 година

106. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2021 година

107. Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2021 година

108. Предлог-програма за изменување на Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија во 2021 година

109. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес за 2021 година

110. Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2021 година

111. Информација за потреба од обезбедување на дополнителни финансиски средства на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје

112. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година

113. Предлог-одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

114. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2022 година

115. Предлог-одлука за одобрување средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (парична помош за општините: Пробиштип, Ранковце, Конче, Струмица, Кичево, Валандово и Кочани/ за штети од елементарни непогоди)

116. Предлог-уредба за утврдување на буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт

117. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (железничка инфраструктура)

118. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година

119. Информација за воспоставување на рамка за проценка на изведбата (performance assessment framework-PAF)

120. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2022 година

121. Предлог-програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2022 година

122. Информација за обезбедување средства за понатамошна реализација на договорот „Надзор на имплементацијата на договорот за градежни работи за подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје" во рамките на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Градот Скопје"

123. Информација за состојбата со Хидросистемот „Дојранско Езеро", капиталните и оперативни трошоци за санација и работење, како и потребата за промена на институционалниот статус на Хидросистемот, со Предлог-одлука за основање на Јавно претпријатие Хидросистем „Ѓавато", Богданци

124. Предлог-закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти

125. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2021 година, Записникот од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 декември 2021 година и Записникот од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2021 година.

*

*        *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година

Владата заклучи:

1. Го разгледа и прифати најновиот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година – 31 декември 2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, подготвен согласно Барањето од Министерството за транспорт и врски за изменување на Законодавната агенда, и тоа:

- Предлог-законот за воздухопловство, наместо рокот за доставување ноември 2021 година, да биде февруари 2022 година;

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, наместо рокот за доставување ноември 2021 година, да биде март 2022 година;

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварно-правните односи во воздушниот сообраќај, наместо рокотза доставување декември 2021 година, да биде јуни 2022 година;

- Предлог-законот за систем на адреси, наместо рокот за доставување ноември 2021 година, да биде октомври 2022 година и

- Предлог-законот за гробишта и погребални услуги, наместо рокот за доставување ноември 2021 година, да биде ноември 2022 година.

Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2021-31.12.2021 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата на предлог на Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, ја симна од Дневен ред Информацијата за итна интервентна финансиска помош.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо“-Охрид, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Барањето согласност за Статут од Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа Барањето согласност за отпис на движни ствари, со Предлог-одлука (Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје), го прифати Барањето и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (КП бр.2450, КО Градиште, Имотен лист бр.40) и ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово (КП бр.15717/1, КО Куманово, Имотен лист бр.83760) и го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми ,,Национални шуми"- П.О. Скопје на Казнено - поправна установа Затвор Скопје- Скопје, за грејна сезона 2021/2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Национални шуми"- П.О. Скопје на Казнено поправна установа Затвор Скопје - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата во врска со имплементацијата на проектите на источниот дел од Коридор 8 и Коридор 10 во секторот на железничката инфраструктура и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје по завршување на тендерската постапка за избор на изведувач до крајот на првиот квартал 2022 година да склучи договор за изведба на градежните работи на железничката делница Куманово-Бељаковце (фаза 1) според Yellow FIDIC-меѓународни договорни услови за проектирање и градба (клуч на рака) од страна на изведувачот, со цел забрзување на динамиката и обезбедување поголема ефективност и прагматичност при процесот на довршување на преостанатите градежни работи на првата делница.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје по завршување на тендерската постапка за избор на изведувач до крајот на првиот квартал од 2022 година да склучи договор за изведба на градежните работи на железничката делница Бељаковце-Крива Паланка (фаза 2) согласно меѓународните договорни услови на црвениот фидик (Red FIDIC) со кој инфраструктурниот проект ќе се гради согласно претходно подготвениот основен проект.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје по завршување на тендерската постапка за избор на изведувач до крајот на првиот квартал од 2022 година да склучи договор за изведба на градежните работи од Коридор 10 делница Ногаевци-Неготино, согласно меѓународните договорни услови на црвениот фидик (Red FIDIC) со кој инфраструктурниот проект ќе се гради согласно претходно подготвениот основен проект.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски во рок од пет дена да подготват и да достават известување до Европската банка за обнова и развој за заклучоците под реден број 1, 2 и 3.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за некоја од наредните седници на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледена на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата од дополнителни усогласувања по материјалот, како и обезбедување ново мислење од Агенција за катастар на недвижности.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата на Управата за јавни приходи по однос на заклучоците донесени на Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија за мерките и динамиката за исплата на неплатените даночни обврски на јавните претпријатија-даночни должници и промената на долговните состојби кај истите.

Истовремено, Владата заклучи:

- Одобрувањето на финансиските планови за 2022 година и програмите за работа за 2022 година на сите претпријатија во државна сопственост да биде условено со доставено мислење од Управата за јавни приходи во врска со репрограмирање на долговите.

- Се задолжуваат сите јавни претпријатија, кои не постапиле по заклучокот од точка 29 од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јуни 2021 година, во рок од 15 дена, да ги репрограмираат своите долгови кон Управа за јавни приходи и за истото да ја информираат Владата.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за итно постапување на институциите за непречена реализација на инвестиции во технолошките и индустриски развојни зони поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од склучување анекси кон договорите за изградба, со Прилог – табела ја усвои Информацијата и ја задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да подготви и склучи анекси кон договорите за изградба наведени во Табелата прилог кон Информацијата, до 31 декември 2021 година.

## Точка 14

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип, за некоја од наредните седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави нова Одлука од Одборот на директори усогласена со Секретаријатот за законодавство, како и Општина Штип да достави нова Предлог-одлука усогласена со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Договорот за грант меѓу НЕР АД Скопје и ЕИБ за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, со усогласен текст на Договор, и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант помеѓу Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и Европска инвестициска банка, Гасна интерконекција Грција – Северна Македонија дел во Северна Македонија.

2. Се овластуваат м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Бајрам Реџепи, извршен директор на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост да го потпишат Договорот за грант помеѓу Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и Европска инвестициска банка, Гасна интерконекција Грција – Северна Македонија дел во Северна Македонија.

## Точка 17

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности Арх. бр.03-56/20 (КП.бр.5609/26 и КП.бр.5609/27, новопредвидена КП.бр.5609/28) КО Охрид 4 за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за вршење на сметководствени работи (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот да се усогласи согласно укажувањата изнесени на седницата на Владата од страна на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Лила Пејчиновска Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за вршење на сметководствени работи (*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 19

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определуваат д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за платниот промет, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен

секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 21

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законотот за инспекциски надзор во животната средина (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник за правни работи во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 22

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Дабјани, Општина Долнени, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската општина Дабјани, Општина Долнени, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на анекс договори за користење - концесија на дивечот во ловиштата согласно член 1 став (2) од Законот за дополнување на Законот за ловството „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/21, како материјал за информирање.

## Точка 24

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 25

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен завод за статистика (канцелариски мебел), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Голд Транс 2021 ДООЕЛ Тетово на локалитетот ,,КО Желино", Општина Желино, за некоја од наредните седници на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата нови мислења да достават, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Управата за заштита на културното наследство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Општина Желино.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - фелдспат на Акционерско друштво за неметали Ограждeн АД Струмица на локалитетот „Дрвош", Општина Босилово, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности за испитување на условите за пристапување во Центарот за координација на движење Европа (MCCE) и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за одбрана да биде носител на процесот за пристапување во Центарот за координација на движење Европа (MCCE) во 2022 година и да ги координира обврските кои ќе произлезат од членството (назначување на лице за контакт, соработка и следење на работата на MCCE).

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2021 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија веднаш да ги објави Прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур (дадени во Прилозите од 1 до 5), кон кои Република Северна Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено, во „Службен весник на Република Северна Македонија" во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Северна Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила".

Исто така, предлагачот да ја дополни следната таква Информацијата согласно Мислењето на Министерството за одбрана.

## Точка 31

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со План на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година, за некоја од наредните седници на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања по материјалот.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на порталот за Отворено владино партнерство (ovp.gov.mk) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2022 и 2023 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка за одржување на порталот за Отворено владино партнерство (ovp.gov.mk), во вкупна вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 600.000,00 денари во 2022 година,
- 600.000,00 денари во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години. Средствата за 2022 година, се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на системот за Отворени податоци (data.gov.mk) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка за одржување на системот за отворени податоци (data.gov.mk), во вкупна вредност од 7.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2.800.000,00 денари во 2022 година
- 3.750.000,00 денари во 2023 година
- 950.000,00 денари во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и

администрација, програма Н, потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Република Португалија и Република Северна Македонија за соработка во областа на одбраната, со усогласен текст на Договор, го усвои Извештајот и заклучи:

1.Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Португалија и Република Северна Македонија за соработка во областа на одбраната.

2.Се определува министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Република Португалија и Република Северна Македонија за соработка во областа на одбраната.

**Точка 36**

Владата го разгледа Годишниот извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност надвор од територијата на Република Северна Македонија во 2021 година, го усвои и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 25 декември 2021 година.

**Точка 37**

Владата ги разгледа новите текстови на Предлог-програмата за безбедност и здравје при работа, со Стратегија за безбедност и здравје при работа 2021-2025 и Акциски план за безбедност и здравје при работа за периодот 2021-2023 и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за безбедност и здравје при работа, во предложениот текст.

2. Го прифати Акцискиот план за безбедност и здравје при работа за период 2021-2023.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, промет и услуги ГРЕСТО ДООЕЛ с.Амзабегово, Свети Николе за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за

производство, промет и услуги ГРЕСТО ДООЕЛ с.Амзабегово, Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на КАРИЛ- Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на Проектот адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на нова динамика на плаќање, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 41**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на операциони блок на Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 42**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска Клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје и одобрување на динамика на плаќање, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 43**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на стационар и амбуланти на Универзитетска клиника за дерматологија, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 44**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање и санација на фасада, фасадна столарија и изградба на нова кровна конструкција на објектот на Интерни клиники во Универзитетски клинички центар Мајка Тереза – Скопје, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната национална установа Институт за филм – Филмска Академија Охрид (лаптоп ХПИ Пробук 450Г4), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државен студентски дом „Никола Карев“ Охрид), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Биро за развој на образование), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рано детско воспитание и образование“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски'' - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рано детско воспитание и образование“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски'' - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Рано детско воспитание и образование“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски'' - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Образование на наставници (за примарно образование)“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски''-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Образование на наставници (за примарно образование)“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски''-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за продолжување на рокот за спроведување на преостанатите активности од проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св.Ѓорѓи – Старо Нагоричане“ од ИПА Компонента I, со средства од Буџетот на Министерството за култура, за временски период 2022-2024 година, со дополнување, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за култура и Националниот конзерваторски центар – Скопје, да склучат Анекс за продолжување на важноста на основен Договор за временски

период 2022-2024 година, за спроведување на преостанатите активности од проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св.Ѓорѓи - Старо Нагоричане“ од ИПА Компонента I, со средства од Буџетот на Министерството за култура (согласно член 7 од основен Договор бр.35-2974/1 од 16.3.2018 година).

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии во смисла средствата кои ќе биде неопходно да се обезбедат по основ на национално кофинансирање на проектот, Министерството за култура да ги обезбеди во рамките на одобрениот буџет за тековната фискална година, додека за наредните години износот кој ќе биде потребно да се обезбеди, потребно е соодветно да биде планиран во рамките на максимално утврдените лимити на расходи за соодветната година.

## Точка 51

Владата го разгледа Статутот на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во согласност со член 3 од Законот за воената академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/09), основен акт на Академијата е Статутот (став 1). Со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност (став 2). Статутот на Академијата го донесува Наставно-научниот совет на Академијата на кој согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби, по текстот на Статутот од формално-правен аспект Владата укажува на следното:

Како законски основ за донесување на Статутот ќе треба да стои: Член 3 став (3) од Законот за воената академија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/09) и член 110 став (1) точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21), со оглед дека истите претставуваат изричен законски основ за негово донесување.

Во членот 27 да се додаде нов став 9 кој гласи:

„Доколку спорот од ставот (1) на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат“.

Во членовите 105, 144, 167, 168 и 170 ќе треба да се наведе точното повикување на членовите од Статутот.

Во членот 129 каде што се уредува евиденцијата на личните податоци, евиденцијата и обработката на личните податоци освен питомците/студентите, треба да ги опфати и вработените во високообразовната установа.

Освен наведените забелешки, Владата на Република Северна Македонија укажува на потребата од правно-техничко подобрување на текстот на Статутот.

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата од Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.121/21, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразна болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период за нивна примена, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.234/21, односно одредбите што се однесуваат на Протоколот за активности во установите и воспитание на деца и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на иницијативата Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК ја оспорува уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.234/21), односно одредбите што се однесуваат на Протоколот за активностите во установите за згрижување и воспитание на деца.

Во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.234/21), во Прилог број 5 - Протокол за активностите во установите за згрижување и воспитание на деца, помеѓу другото се наведува:
„ - Воспитните групи за деца до две годишна возраст да имаат максимум до 15 деца и двајца вработени во смена;
- Воспитните групи за деца од две до десет годишна возраст да имаат максимум до 25 деца и двајца вработени во смена;"

Според подносителот на Иницијативата Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, мерките пропишани во оспорените одредби не се во согласност со член 64 од Законот за заштита на децата и на членот 27 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 133/19) .

Членот 64 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018; 104/2019; 146/2019; 275/2019; 88/2020; 311/2020), гласи:

„Член 64

(1) Детските градинки во зависност од возраста на децата и должината на престојот својата работа ја организираат во групи.
(2) Работата во детската градинка се организира во зависност од возраста на децата во хомогени групи, и тоа:
1) до 12 месеци.........................од шест до осум деца;
2) над 12 до 18 месеци............од осум до десет деца;

3) над 18 месеци до две години.....од десет до 12 деца;
4) над две до три години..................од 12 до 15 деца;
5) над три до четири години............од 15 до 18 деца;
6) над четири до пет години..........од 18 до 20 деца и
7) над пет до шест години...............од 20 до 25 деца.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во зависност од возраста на децата, може да се организира:
1) хетерогена група
- до две години...........................од десет до 12 деца и
- од две години до поаѓање во основно училиште ...................................од 18 до 20 деца;
2) комбинирана група
- од 12 месеци до поаѓање во основно училиште ................................…од 15 до 20 деца и
3) група деца од шест години, односно од поаѓање во
- основно училиште до десет години............од 20 до 30 деца.
(4) Во групите од ставовите (2) и (3) точки 1 и 2 на овој член може да се вклучи едно дете со лесни односно умерени пречки во интелектуалниот развој и/или телесна попреченост во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца.
(5) По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, јавната детска градинка во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот на деца утврдени во ставовите (2) и (3) на овој член за што согласност дава основачот на установата.
(6) По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, приватната детска градинка во групите може да има помал број на деца од бројот на деца утврдени во ставовите (2) и (3) на овој член за што согласност дава основачот на установата.
(7) Во детската градинка активностите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.
(8) За децата на припадниците на другите заедници воспитно-образовните активности во детските градинки се изведуваат на јазикот на соодветната заедница за група деца, согласно со одредбите од овој закон.
(9) Доколку постои интерес за изведување на активности и на други јазици, воспитно-образовните активности во детски градинки може да се изведуваат за група деца согласно со одредбите од овој закон."

Членот 27 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 133/19), гласи:

„Член 27

Детските градинки и детските одморалишта, во зависност од возраста на децата и должината на престојот,својата работа ја организираат во групи, согласно нормативи и стандарди пропишани во Закон за заштита на децата.

По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, јавната детска градинка и детско одморалиште може да има поголем број на деца, но не повеќе од 20% од предвидениот број согласно Закон за заштита на децата, односно помал број на деца, за што согласност дава основачот на установата."

2. Во членот 27 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено:

„Член 27
Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.

Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.

Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.“

Членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија вели:
„Член 39
На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.
Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.“

Со член 28 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/2016 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20 ), е предвидено:
„Член 28
Лицата кои се заболени од заразни болести кои можат непосредно да се пренесат на други лица се изолираат во текот на лекувањето.
Лицата заболени од колера, цревен тифус и паратифус, чума, антракс, бруцелоза туберкулоза, лепра, тетанус, дифтерија, менингококна болест, гасна гангрена, болеста од ХИВ, легионерска болест, повратна треска, пегав тифус, Брил-Зинцерова болест, детска парализа, беснило, вирусен енцефалит пренесен со крлежи, други вирусни енцефалити, жолта треска, хеморагични трески, маларија и лајшманијаза задолжително се лекуваат во здравствени установи за лекување на заразни болести.

Лицата заболени од корона-вирус КОВИД-19 задолжително се лекуваат во јавни здравствени установи.

По исклучок од ставот 3 на овој член, лицата заболени од корона-вирус КОВИД-19, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија или во домашни услови, доколку за тоа постојат услови.

Доколку во јавните здравствени установи од ставот 3 на овој член, се исполнети капацитети за лекување на лицата заболени од корона-вирус КОВИД-19, доколку кај лицата примени во приватната здравствена установа во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот SarsCov-2 вирус за заразната болест корона-вирус КОВИД-19 во нивниот организам, како и во други случаи (недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавната здравствена установа и слично), по претходно дадена согласност од страна на Министерството за здравство, лекувањето на лицата може да се врши и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија.

Заради спречување на ширењето и сузбивање на заразната болест предизвикана од корона-вирусот КОВИД-19 и заштита на населението, можат да се наредат следниве времени мерки:

1. Носењето лична заштита на лицето (респираторна маска, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично) при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени установи и слично), освен:
1) при спортување на отворен простор или на затворено со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
2) при возење во приватно патничко моторно возило ако возачот е сам или со лице/лица со кој/кои што живее во заедница;
3) при престојување во двор на семејна куќа, сам или со лице/лица со кој/кои што заедно живеат во заедница;
4) при седење во угостителски објект со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
5) ако се користи друг тип на заштитна опрема специфична за определено работно место;
6) ако лицето е помладо од 6 годишна возраст (дете) и
7) ако лицето има специфична здравствена состојба, е лице со посебни потреби или е лице со пречки во развој поради што носењето на лична заштита на лицето би било проблематично или контраиндицирано.

2. Задолжителна самоизолација при тестирање за корона-вирус КОВИД-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен;

3. Забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонокието и

4. Други мерки утврдени со закон.

Мерките од ставот 6 на овој член траат додека постои опасност од ширење на епидемијата.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство одлучува кои од мерките од ставот 6 на овој член ќе се применат, случаите во кои ќе се применат и за кој временски период.

Во здравствените установи за лекување на заразните болести задолжително се изолираат и лицата за кои се сомнева дека боледуваат од колера, чума, вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Marburg), детска парализа и дифтерија.
За заболени од белодробна чума и вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и Marburg) кои се пренесуваат од човек на човек, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин).

Лицата кои се заболени од други заразни болести, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во други здравствени установи или домашни услови, доколку за тоа постојат услови.“

Во член 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести е пропишано:

„Член 58

Кога со мерките пропишани со овој закон не е можно во Република Македонија да се спречи внесување и ширење на одредени заразни болести, Владата на Република Македонија на предлог на Министерството може да ги нареди следниве мерки:

1) да одреди услови за патување, како и мерки и услови при враќање од држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;

2) да забрани патување во држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;

3) да воспостави посебен режим на движење или да забрани движење на населението во заразените, односно загрозените подрачја;

4) да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места, додека трае опасноста од ширење на заразната болест;

5) да ограничи или забрани промет на одделни видови на стоки и производи и

6) други мерки пропишани со овој закон.“

3. Согласно претходното, Уставот на Република Северна Македонија гарантира слободи и права на граѓаните, но истовремено предвидува и исклучоци со кои се ограничуваат истите заради заштита на здравјето на луѓето. Во оваа насока е и уставната одредба која предвидува право, но и должност на граѓанинот да го чува и унапредува не само сопственото здравје, туку и здравјето на другите.

Токму заради операционализација на овие одредби од Уставот со Законот за заштита на населението од заразни болести е предвидена можноста заради заштита на здравјето на луѓето да се преземат мерки кои иако значат ограничување на некои слободи и права на граѓаните, немаат за цел ограничување на слободите и правата на граѓаните туку се оправдани заради заштита на здравјето на граѓаните.

Оттука, оспорената Одлука е само примена на горенаведените одредби во конкретна ситуација кога се исполнети сите услови за определување на мерките предвидени со Одлуката.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.234/21), односно одредбите што се однесуваат на Протоколот за активностите во установите за згрижување и воспитание на деца се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и законите, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.234/21), односно одредбите што се однесуваат на Протоколот за активностите во установите за згрижување и воспитание на деца поднесена од Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.67564 за КО Маџари, на КП бр.1654, викано место/улица Д.Штипјанчето и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата го разгледа Барањето на согласност за склучување на Договор за размена на недвижен имот доставено од нотар Ванчо Андоновски од Скопје кое се однесува на недвижен имот со Имотен лист бр. 92957 за КО Ѓорче Петров 6- Ѓорче Петров, КП бр.9092/2, Викано место/улица Мице Козара 28 и Имотен лист бр. 92958 за КО Ѓорче Петров 6- Ѓорче Петров, КП бр.9092/1, Викано место/улица Ѓ.Петров и по Барањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1261, за КО Трново, на КП бр. 518, дел 1 Викано место/улица Село и не ја прифати понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи – Зафиров од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 96/113 идеален дел од КП бр.12280, КО Драчево 2, викано место/улица Црквиште, со Имотен лист бр.274 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.107959 за КО Бутел на КП бр. 5561/3 викано место/улица Хо Ши Мин и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зарија Џафери од Гостивар за размена на недвижен имот со Имотен лист бр.4739 на КП бр.6743 за КО Гостивар 2 и Имотен лист бр.4740 за КП бр.6817/1 за КО Гостивар 2 и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Надица Чаушевска Заева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53784, за КО Струмица, КП бр. 2514/1, викано место/улица Б.Минкови и не ја прифати понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58580, за КО Прилеп, на КП бр. 20576/1, Викано место/улица М.Пијаде и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96083 за КО Ѓорче Петров 2- Мирче Ацев, КП бр.13525/2 и КП бр.5427/1, и по истата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

**1.** Владата го именува Муарем Асани за заменик - директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен вршител на дожноста заменик – директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата ја именува Анета Симеска Димоска за директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија, досегашен вршител на дожноста директор на Инспекторатот и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата ја именува Јованка Тренчевска за директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика, досегашен вршител на дожноста директор на Инспекторатот и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**4.** Владата го разреши Михаил Кирков, од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити.

4.1. Владата ја именува Милена Перчинкова од Македонската банкарска асоцијација, претставник од здружението на банкарство и осигурување за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити.

**5.** Владата на Чедо Милошески, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево, му ја продолжи функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево, по навршување на 65 години возраст, за период сметано од 21.1.2022 година, а заклучно со 30.6.2022 година.

**6.** Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје ги отповика:
- Горан Шумански
- Роберто Радески
- Донче Бибановски
- Мујдин Зибери
- Стефан Трајковски.

6.1. Владата за членови на Надзорниот одбор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје ги избра:
- Горан Шумански
- Роберто Радески
- Донче Бибановски
- Мујдин Зибери
- Стефан Трајковски.

**7.** Владата го разреши Дритан Рамадани од должноста претседател на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, на негово барање.

7.1 Владата го именува Гоце Георгиевски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за претседател на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи.

**8.** Владата од должноста членови и заменик член на Комисијата за жалби на нивно барање ги разреши:

а) од членови:
- Андријана Даниќ и
- Гордан Симоновски

б) од заменик член:
-Марина Спирковска.

8.1. Владата за членови на Комисијата за жалби ги именува:

- Марина Спирковска и
- Розита Џартовска.

**9.** Владата го разреши Ивица Лазаров од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за водостопанство „ЛИСИЧЕ" – Велес, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси, поради неговиот избор за член на Совет на Општина Кочани.

9.1. Владата ја именува Кристина Ефремова за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за водостопанство „ЛИСИЧЕ" – Велес.

**10.** Владата ја разреши Ивана Максимова од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

10.1. Владата ја именува Анета Игнатова за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

**11.** Владата ја разреши Вангелина Мојановска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**12.** Владата ја разреши Олгица Поповска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси, поради нејзиниот избор за член на Советот на Општина Кичево.

12.1. Владата го именува Николе Тасески за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје.

**13.** Владата го разреши Владимир Грујовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје, на негово барање, поради постоење на состојба на судир на интереси поради неговиот избор за член на Советот на Општина Кисела Вода.

**14.** Владата го разреши Николче Мијаковски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Демир Хисар.

14.1. Владата ја именува Марија Ѓоргиевска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Демир Хисар.

**15.** Владата ја разреши Викторија Вуионов од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „ЗЛЕТОВИЦА" – Пробиштип, поради истек на мандатот.

15.1. Владата го именува Стојанчо Лазаров за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „ЗЛЕТОВИЦА" – Пробиштип.

**16.** Владата ја именува Лолита Андоновска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести.

**17.** Владата ја назначи Сашка Коцевска, Движење на екологистите на Македонија - ДЕМ Велес, област Заштита на животната средина за член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите.

**18.** Владата ја разреши Билјана Цветановска од должноста член на Управниот одбор на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, од редот на вработените, поради истек на мандатот.

18.1. Владата го именува Андон Стефановски за член на Управниот одбор на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, од редот на вработените на предлог на Советот на вработените.

**19.** Владата го именува Иван Чешларов вработен во Управата за јавни приходи за претседател на Комисијата за право на поврат на средства на Агенција за филм на Република Северна Македонија.

**20.** Владата го разреши Илир Мемеди од должноста член на Советот за образование на возрасните.

20.1. Владата ја именува Вјолца Мехмети – Нуредини, за член на Советот за образование на возрасните, претставник од Бирото за развој на образованието.

21. Владата ја разреши Маја Савеска од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

21.1. Владата го именува Владимир Граматиков за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

22. Владата ја именува Маријана Ангелоска за член на Управниот одбор на Центарот за образование на возрасните, претставник од Сојузот на стопанските комори на Македонија

23. Владата го разреши Месуд Јакупи од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште Државен Музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски Луј“ – Скопје.

24. Владата од должноста членови и в.д. членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот, ги разреши:
- Назми Ејупи од в.д. член
- проф. д-р Ненад Гавриловиќ од в.д. член
- Љубиша Каранфиловски од член
- Димитар Димитриевски од член.

24.1. Владата за членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, ги именува:
- Тања Дејаноска од Сојуз на стопански комори на Македонија,
- проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска од Организацијата на потрошувачите на Македонија,
- д-р Љубиша Каранфиловски од Сојузот на синдикатите на Македонија и
- Димитар Димитриевски од Сојузот на пензионери на предлог на Здружение на ветерани и резервисти на одбраната и безбедноста на РМ

25. Владата го разреши Авни Рустеми од должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт, на негово барање.

26. Владата го именува Амир Билали за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

27. Владата го разреши Бујар Дардхишта од должноста директор на Управата за водење на матични книги, орган во состав на Министерството за правда, на негово барање.

28. Владата го именува Бљерим Абази за вршител на должноста директор на Управата за водење на матични книги, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

29. Владата го именува Ибуш Јусуфи за вршител на должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

30. Владата го именува Никица Бачовски за вршител на должноста директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**31.** Владата го разреши Дејан Павлески од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

**32.** Владата го именува Беким Емини за вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**33.** Владата ја разреши Каљтрина Беќири од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

**34.** Владата ја именува Мерхал Исмаили за вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**35.** Владата го разреши Јовица Стојановиќ од должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, на негово барање.

**36.** Владата го именува Реџеп Реџепи за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**37.** Владата го разреши Берат Даути од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о..

37.1. Владата го именува Неџмедин Бајрами за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о..

**38.** Владата го разреши Наим Мисини од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о..

38.1. Владата го именува Али Исмаиљ за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о..

**39.** Владата го разреши Неби Џемали од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

39.1. Владата го именува Исеин Дика за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

**40.** Владата го разреши Аљи Алили од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

40.1. Владата го именува Мансур Рамадани за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

**41.** Владата го разреши Мухамед Сефери од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" – Скопје.

41.1. Владата ја именува Егзона Јашари за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" – Скопје.

**42.** Владата го разреши Месуд Рушити од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Стрежево – Битола.

42.1. Владата го именува Мефаил Зендели за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Стрежево – Битола.

**43.** Владата го разреши Владо Тодоровски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

43.1. Владата ја именува Силвана Крстовска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

**44.** Владата го разреши Вегим Селими од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална Радиодифузија Скопје.

44.1. Владата го именува Фарук Мурати за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална Радиодифузија Скопје.

**45.** Владата ја разреши Ангела Стефаноска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Охрид.

45.1. Владата го именува Дејан Спасиќ за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Охрид.

**46.** Владата го отповика Бинас Пајазити од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" во државна сопственост.

46.1. Владата го избра Бејтула Демири за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" во државна сопственост.

**47.** Владата го отповика Исмаил Исмаили од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје.

47.1 Владата го избра Мевљудин Авдија за член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје.

**48.** Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да ја именува Мерита Дема.

**49.** Владата ја именува Елена Паговска - Пелтековски за член на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија.

**50.** Владата го разреши Исуф Фетаи од должноста член на УО - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален Парк Пелистер- Битола, поради истек на мандатот.

50.1. Владата ја именува Едита Зеќировиќ за член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален Парк Пелистер- Битола.

**51.** Владата од должноста членови на Управниот одбор - претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален Парк Маврово, Маврови Анови, поради истек на мандатот, ги разреши:

- Вахит Велија и
- Смиљка Тенева.

51.1. Владата го именува Махи Сеадини за член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален Парк Маврово, Маврови Анови.

**52.** Владата го разреши Беким Муареми од должноста член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален парк Галичица Охрид, поради истек на мандатот.

52.1. Владата го именува Беким Муареми за член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален парк Галичица Охрид.

**53.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македонија, ги именува:

а) претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата:
   1. Владо Атанасовски
   2. Неби Реџепи

б) претставници на стручниот орган:
   1. Сабедин Садики
   2. Ндерим Ферати.

**54.** Владата, врз основа на член 364 од Законот за трговските друштва, ја констатира оставката на Владимир Робановски, од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје.

**55.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, за член на Управниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, директор за маркетинг и продажба да ја избере Арлинда Меметај.

**56.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП Национална Радиодифузија, да го разреши од должноста в.д. заменик на директорот, Мухамед Цури, а да го избере за в.д. заменик на директорот Суат Џемаили.

**57.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за животна средина.

**58.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на „Железници на Република Северна Македонија Транспорт" АД Скопје, да ги избере Мубекир Палоши и Шенур Османи за членови на Управниот одбор на „Железници на Република Северна Македонија Транспорт" АД Скопје.

**Точка 63**

**1.** Владата го разгледа Барањето за отстапување на користење на деловен простор, доставено од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, под архивски бр.03-302/5 од 16.12.2021 година и по Барањето го задолжи Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да ја утврди фактичката состојба на сопственоста и владеењето на предметниот деловен простор на ул.„Никола Вапцаров" бр.3 и за истото да достави Информација до Владата.

**2.** Владата го разгледа Барањето простории од Државна изборна комисија за складирање на 4000 уреди за биометриска идентификација на гласачи, кои времено се складирани во просторија во Дом на Армијата на Република Северна Македонија во Скопје и притоа заклучи:

- Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да одржи состанок со претставници од Државната изборна комисија, на кој да се утврдат потребните услови кои треба да ги исполнуваат просториите за складирање на уредите и да ги разгледаат можностите за изнаоѓање на соодветни простории во државна сопственост, согласно ова барање.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 9 декември 2021 година до 15 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Протоколот за одржување настани со медиумско присуство во услови на пандемија предизвикана од коронавирус, со Предлог-одлука, го прифати Протоколот за одржување настани со медиумско присуство во услови на пандемија

предизвикана од коронавирус, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредни мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID -19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, во предложениот текст.

**5.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за финансиски средства за реализација на проектни активности на НУ Музеј на албанската азбука за наредна седница на Владата.

**6.** Во врска со Информацијата за изнаоѓање службени простории на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, разгледана на 119-та седница на Владата, одржана на 16 ноември 2021 година, со која се задолжува Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија на наредната седница на Владата да достави информација за можноста за отстапување на простории во некои од објектите кои се во државна сопственост, за потребите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, Владата заклучи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија со директорот на Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија да изнајдат соодветно решение за бараниот простор за потребите на Агенцијата.

**7.** Владата по Известувањето од Министерството за здравство во врска со Информацијата за продолжување на рокот за изведба и давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство во врска со потребата за потпишување на Варијација на договорот за Изведба на Клиничка Болница Штип, со Акциски план и Предлог-варијација (точка 38 од 109-та седница на Владата, одржана на 5 октомври 2021 година), заклучи:

1) Се задолжува Министерството за здравство да предложи начин за склучување на предлог - вариацијата број 4 содржина на цитираниот Заклучок (со можност за ревизија на рокот за завршување на објектот) согласно член 55, став 1 точка 1), предточка в) алинеја 2, односно дека поради технички причини нема конкуренција за истата, како и да достави информација до Владата заради одобрување на истото.

2) Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства на непречено реализирање на Проектот до негова целосна реализација.

**8.** Владата по Барањето за изменување на Одлуката за одобрение за основање на Висока медицинска школа при Приватниот Меѓународен балкански универзитет во Скопје и Барањето за изменување на Одлуката за одобрение за основање на Факултет за детална медицина при Приватниот Меѓународен балкански универзитет во Скопје, заклучи да отпочне со работа Високата медицинска школа и Факултетот за детална медицина при Приватниот Меѓународен балкански универзитет во Скопје по добивање на решенијата од министерот за образование и наука.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест

КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 11 декември 2021 година до 17 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа Барањето насоки во однос на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и согласно фактот дека рокот за поднесување на барања за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост нема да се продолжува го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да изнајде соодветна државна институција која што во име на државата ќе ги испраќа фактурите до странките за наплата на годишен закуп на земјиште кое досега не е трансформирано, согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

**11.** Владата го разгледа Барањето за отстапување на нафтени деривати (1000 литри нафта) за потребите на Општина Босилово, за санација на речно корито и притоа укажува дека Владата нема законска надлежност да обезбедува нафта од стоковните резерви.

**12.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 7 декември 2021 година до 13 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**13.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, што е доставен до Собранието на Република Македонија со писмо бр. бр. 40-3866/1 од 27 април 2021 година.

**14.** Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а во однос на Информацијата во врска со Барањето за издвојување на средства од Ковид програмата за поддршката на компании во имплементација на современи дигитални софтверски решенија, со цел реализирање на заедничка акција на јавниот и приватниот сектор, усвоена на 125-та седница, одржана на 7 декември 2021 година, донесе Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

**15.** Владата на предлог на д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, а во врска со Информацијата за конституирање на Комитет за преговори и Преговарачкиот тим за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово - Гостивар - Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (Делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, усвоена на 127-та седница на Владата, одржана на 14 декември 2021

година, донесе Одлука за формирање на Комитет за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија.

**16.** Владата го разгледа и го прифати Барањето доставено од Министерството за финансии за изменување на заклучоците по точка 41, Прашања и предлози од Нацрт - записникот од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2021 година и согласно тоа заклучоците под реден број 1 и 2 се заменуваат со нов заклучок кој гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор со претходно ангажираното адвокатско друштво во рамки на расположливите средства во буџетот на Министерството за финансии, заради обезбедување на дополнителни правни услуги и правно советување по однос на постапката пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ и обезбедување на правна стручна поддршка и советување за останати постапки поврзани со Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за туристичката агенција Беса Транс БТБ ДООЕЛ во врска со настанатата автобуска незгода во Република Бугарија, како материјал за информирање.

Исто така, Владата го задолжи Министерството за економија да ја разгледа можноста за изменување на Законот за туристичка дејност, во делот на критериумите за добивање на лиценца за вршење на туристичка дејност, во смисла на воведување построги критериуми, како и за склучување договор за соработка помеѓу туристичка агенција со А лиценца и туристичка агенција со Б лиценца.

## Точка 65

Владата го разгледа Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2020 година, како материјал за информирање

## Точка 66

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД„Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за периодот од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за статус на активностите поврзани со локалитетот „Гуштерица” во Осломеј, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје до Министерството за економија, во најкус можен рок да достави барање за добивање на концесија за детални геолошки истражувања на локалитетот „Гуштерица” во Осломеј, а по завршувањето на оваа постапка согласно закон да се донесе соодветна одлука.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на активностите поврзани со проектот „Живојно", како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје до Министерството за економија, во најкус можен рок да достави барање за добивање на концесија за детални геолошки истражувања на локалитетот „Живојно", а по завршувањето на оваа постапка согласно закон да се донесе соодветна одлука.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системите со цел користење на податоците од Централниот регистар на население, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата повторно го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „село Вепрчани", Општина Прилеп 9/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/21), со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „село Вепрчани", Општина Прилеп 9/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/21).

2. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Вепрчани" Општина Прилеп 9/2021, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/21.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, услуги Лими стоне ДОО с. Желино, Општина Желино, на локалитетот „с.Вепрчани", Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство (ЈЗУ Општа болница Струмица).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за декември 2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 24.12.2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со декемвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 27.12.2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 27.12.2021 година (понеделник);
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 28.12.2021 година (вторник);
- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 29.12.2021 година (среда); и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 30.12.2021 година (четврток).

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од кадровско доекипирање и просторно сместување на Бирото за јавни набавки со цел доследно спроведување на надлежностите кои произлегуваат од законот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Бирото за јавни набавки, да ги преземе потребните активности за ангажирање на дополнителниот кадар потребен за доекипирање на Бирото во 2022 година.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Бирото за јавни набавки, да ги преземе потребните активности за просторно сместување на Бирото во некој од објектите со кои располага Службата.

3. Се задолжува Бирото за јавни набавки во рок од 60 дена од денот на усвојување на оваа информација да ја информира Владата за реализацијата на активностите за доекипирање на Бирото и негово просторно сместување.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување на материјали за учење и други дидактички материјали за основно образование и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието да изготват материјали за учење и друг дидактички материјал за учениците од второ и петто оделение за учебната 2022/2023 година.

2. Се задолжува Бирото за развој на образованието да ги прегледа и доколку има потреба да направи корекции во материјалите за учење кои се употребуваат во прво и четврто одделение во учебната 2021/2022 година и со средства од буџетот на Бирото

за развој на образованието да ги испечати материјалите за учење во хартиена форма за прво одделение и истите да ги достави навремено до сите училишта до крајот на август 2022 година, а дигиталните материјали за четврто одделение да ги направи соодветно достапни до крајот на август 2022 година за сите училишта.

3. Се задолжува Бирото за развој на образованието изготвените материјали за второ одделение со средства од буџетот на Бирото за развој на образованието да ги испечати и достави до сите училишта до крајот на август 2022 година, а дигиталните материјали за петто одделение да ги направи соодветно достапни за сите училишта до крајот на август 2022 година и воедно од средствата на буџетот на Бирото за развој на образованието да испечати 20% од вкупниот број на учебници потребни за петто одделение.

**Точка 75**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, (на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје), во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за обезбедување на финансиски средства на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Макеоднија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, за вршење на дејност на Јавното претпријатие Национални шуми – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца - Битола, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за издавање Егзекватура за генерален конзул на Република Грција во Република Северна Македонија со седиште во Битола, ја усвои Информацијата и издаде Егзекватура на г.Александрос Видоурис како именуван генерален конзул на Република Грција во Република Северна Македонија, со седиште во Битола, со конзуларна зона на надлежност која ги опфаќа општините: Битола, Бач, Белчишта, Бистрица, Цапари, Центар Жупа, Дебар, Делогожди, Демир Хисар, Добрушево, Долнени, Другово, Извор, Кавадарци, Кичево, Кукуречани, Конопиште, Косел, Кривогаштани, Крушево, Лабуништа, Луково, Мешеишта, Могила, Неготино, Новаци, Охрид, Пласница, Прилеп, Ресен, Сопотница, Старавина, Струга, Тополчани, Велешта, Вевчани, Витолишта, Вранештица и Житоше.

**Точка 88**

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за продолжување со снабдување на електрична енергија од ЕВН Хоме, со предлог - одлуки ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст.

3. Даде согласност на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за склучување на договор за продолжување на снабдување со електрична енергија од крајниот снабдувач ЕВН Хоме.

## Точка 89

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 90

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 91

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 92

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на средства во вкупен износ од 242.016,00 денари во име и за сметка на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп, кое е во 100% државна сопственост, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 94

Владата ја разгледа Предлог на декларацијата за борба против корупцијата како стратешки приоритет на државата и државните политики ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

## Точка 95

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

## Точка 96

Владата ја разгледа Информацијата за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со барање за писмен договор за неподобни единици според законот на Лејхи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со Барање за писмен договор за неподобни единици според законот Лејхи.

2. Се овластува м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, во име на Владата на Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со Барање за писмен договор за неподобни единици според законот Лејхи.

## Точка 97

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Северна Македонија во рамките на борбената група на Европската Унија (ЕУ) „HELBROG BG 2023/1“, со прилог Технички договор и Пристапна нота и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, преземе сите потребни мерки и да ги регулира сите прашања со надлежните институции на Европската Унија и Република Грција.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да отпочне со сите потребни подготовки на утврдените капацитети со кои Република Северна Македонија ќе учествува во „HELBROC BG 2023/1“ согласно предвидениот план на „водечката нација“- Република Грција.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да достави Предлог-одлука за учество на Република Северна Македонија во рамките на борбената група на Европската Унија (ЕУ) „HELBROC BG 2023/1“ најдоцна до септември 2022 година.

4. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата на Република Северна Македонија за подготвеноста на утврдените капацитети со кои Република Северна Македонија ќе учествува во „HELBROC BG 2023/1“ најдоцна до декември 2022 година.

5. Ја прифати Пристапната нота („Note of Accession“) кон Техничкиот договор помеѓу Министерствата за одбрана на Република Бугарија, Република Кипар, Република Грција и Република Романија за формирање на мултинационална група на ЕУ предводена од Грција а учествуваат Република Бугарија, Република Кипар и Република Романија.

6. Се овластува генерал – потполковник Васко Ѓурчиновски началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, во име на Министерството за одбрана, да ја потпише Пристапната нота („Note of Accession“) кон Техничкиот договор помеѓу Министерствата за одбрана на Република Бугарија, Република Кипар, Република Грција и Република Романија за формирање на мултинационална група на ЕУ во која Република Грција е „водечка нација“, а учествуваат Република Бугарија, Република Кипар и Република Романија.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2022 година и ја донесе Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2022 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на технички мерки и активности за дигитализација на процеси и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжуваат органите на државната управа дадени во прилог на информацијата (Прилог 1 институции) со почеток од 30 декември 2021 година на секои две недели, во четврток, да пополнуваат информација за постигнато ниво на дигитализација на линкот https://forms.gle/57BWbfqBBgnSACve8.

Точката 125 од Прилог 1 институции (Секретаријат за законодавство) се брише.

**Точка 100**

Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции ја одложи од разгледување Информацијата за изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, со Предлог-стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со надлежните министерства, откако истата ќе се разгледа на седници на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 102**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доследната примена на Законот за заштита од пушењето во делот на несогорливиот тутун, уредите за нивно загревање и електронските цигари и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати мислењето на Министерството за здравство за примена на Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/1995,

70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18) во делот на несогорливиот тутун и уредите за нивно загревање, според кое врз основа на одредбите од членот 3 став (1) точките 3, 4 и 19, како и членот 53 и членот 81 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), користењето на несогорливите производи од тутун и уредите за нивно загревање не претставува пушење и следствено, не потпаѓа под забраната за пушење од член 3 став (1) од Законот за заштита од пушењето, односно истите може да се користат и во затворениот дел од јавните простории.

2. Го прифати мислењето на Министерството за здравство за примена на Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18) во делот на електронските цигари, според кое врз основа на одредбите од членот 3 став (1) точките 3, 4 и 20, како и членовите 58, 59, 60, 61, 62 и 63 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), користењето на електронските цигари не претставува пушење и следствено, истите не потпаѓаат под забраната за пушење од член 3 став (1) од Законот за заштита од пушењето, односно истите може да се користат и во затворениот дел од јавните простории.

3. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат и другите органи надлежни за вршење на инспекциски надзор, како и за надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18) и Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) да го почитуваат мислењето на Министерството за здравство и во своите дејствија да постапуваат во согласност со заклучоците бр. 1 и 2.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберколозата кај населението во Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок, текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 107**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија во 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес за 2021 година, и ја донесе Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2021 година со заклучок текстот на Програмата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 110**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од обезбедување на дополнителни финансиски средства на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии до Управата за јавни приходи да достави налог за времено запирање на налозите за покренување на постапка за наплата на доспеано побарување за Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, започнувајќи со ДДВ пријавата за октомври 2021 година до повторно донесување на одлука за продолжување на наплата на доспеано побарување.

2. Се задолжува Управата за јавни приходи по добивањето на налогот за времено запирање на налозите за покренување на постапка за наплата на доспеано побарување за Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, да изврши поврат кон Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД Скопје, почнувајќи од побарувањата за октомври 2021 година до повторно донесување на одлука за продолжување на наплата на доспеано побарување.

Истовремено, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да исплати 60 милиони денари на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје од П1 Програмата на Владата, како помош за исплата на плати.

Согласно ова, се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок предлагачот редакциски да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 113**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (парична помош за општините: Пробиштип, Ранковце, Конче, Струмица, Кичево, Валандово и Кочани/ за штети од елементарни непогоди), и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 116**

Владата ја донесе Уредбата за утврдување на буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт, во предложениот текст.

**Точка 117**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (железничка инфраструктура), во предложениот текст.

**Точка 118**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година и ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 119

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за воспоставување на рамка за проценка на изведбата (performance assessment framework-PAF) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја прифати Рамката за проценка на изведбата.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја администрира Рамката за проценка на изведбата.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика, во делот на секторот Роми, да назначат одговорно лице по индикатор и одговорно лице за валидирање на внесените податоци, најдоцна до пет работни дена.

4. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Државниот завод за ревизија навремено да ги ажурираат индикаторите од нивниот сектор на надлежност.

5. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Државниот завод за ревизија, пред секое внесување на нови индикатори, или промена на постојаните индикатори, да ги консултираат членовите на секторските работни групи.

6. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Државниот завод за ревизија, да ги имаат предвид овие индикатори при подготовка на нови стратегии, политики и акциски планови.

## Точка 120

Владата го донесе новиот текст на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2022 година.

## Точка 121

Владата го донесе новиот текст на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2022 година, во предложениниот текст.

## Точка 122

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување средства за понатамошна реализација на договорот „Надзор на имплементацијата на договорот за градежни работи за подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ во рамките на големиот ИПА проект „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Градот Скопје“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, дополнителните средства во износ од 173.470,00 евра (10.720.446,00 денари) кои се потребни за продолжување на Договорот на надзор на Проектот за изградба на канализационата мрежа за собирање на отпадните води во Градот Скопје, да ги обезбеди од средствата наменети за национално кофинансирање во Буџетот за 2022 година.
2. Се задолжува Националниот ИПА координатор (Секретаријатот за европски прашања), во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесат барање за измени на Билатералниот договор за конфинансирање на големиот проект до Делегацијата на Европска Унија во Република Северна Македонија и за истото да ја информира Владата, но откако ќе се раскине договорот за градежни работи и откако надзорот ќе направи проценка за понатамошните активности што е во согласност со насоките добиени од Делегацијата на Европска Унија за ревидирање на Билатералниот договор.

3. Се задолжува Министерството за финансии – Секторот за централно финансирање и склучување на договори, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и надзорниот орган на Проектот да ги преземат сите активности за раскинување на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ за градежни работи, согласно одредбите од Договорот и за истото Министерството за финансии да ја информира Владата.

## Точка 123

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со Хидросистемот „Дојранско Езеро“, капиталните и оперативни трошоци за санација и работење, како и потребата за промена на институционалниот статус на Хидросистемот, со Предлог-одлука за основање на Јавно претпријатие Хидросистем „Ѓавато”, Богданци (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за основање на Јавно претпријатие Хидросистемот „Ѓавато”, Богданци, со заклучок предлагачот о членот 9, став 1 од Одлуката да го дополни со името на вршителот на должност директор на Јавното претпријатие Хидросистем „Ѓавато”, Богданци, како и да се изврши усогласување со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

## Точка 124

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за регулирање на статус на бесправно изградени објекти и го утврди со следните заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот да се предвиди можност за утврдување на правен статус на бесправни објекти со намена А1 (куќи за домување) изградени во зона на заштитен појас која се наоѓа во границите на заштитено подрачје утврдено со закон со согласност од органот надлежен за заштита на животната средина.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за регулирање на статус на бесправно изградени објекти согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Мартин Оџаклиески, државен советник во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 125

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта, за некоја од наредните седници на Владата.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |